*Градоначалник*
*на Град Скопје*

Kryetari i Qytetit të Shkupit

Врз основа на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование за 2020 година („Службен гласник на Град Скопје" бр. 17/19), Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА СРЕДНОШКОЛЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ, УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Распределбата на средствата за стипендии е утврдена со посебни критериуми, кои се составен дел на Правилникот.
Барањата за добивање на стипендии ги разгледува Комисија формирана од градоначалникот на Град Скопје.
Средствата се доделуваат од Буџетот на Град Скопје за 2020 година, а во согласност со Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование за 2020 година („Службен гласник на Град Скопје" бр. 17/19).
Ќе се доделуваат стипендии за 25 ученици.
Висината на стипендијата ќе изнесува 3000 денари месечно(нето износ), за 9 месеци за учебната 2020/2021 година.

### 1.Критериуми

Право на доделување на стипендија имаат:

- Ученици со попречености;
- Државјани на Република Северна Македонија;
- Жител/ка на Скопје;
- Редовен ученик/ученичка во средно училиште на Град Скопје;
- Ученик/ученичка кој/која во текот на образованието има постигнат минимален просечен успех 3,00;
- Ученик/ученичка кој/која не е корисник на стипендија од друга институција, претпријатие или друга организација во учебната 2020/2021 година;
- Ученик/ученичка кој/која нема повторувано година во текот на своето образование, освен поради здравствени причини.

**2. Начин на бодување**

При утврдување на вкупните бодови се разгледува успехот во образованието, при што секој ученик/ученичка може да добие најмногу 100 бодови.

**Скала на бодување :**

| просечен успех | бодови |
|---|---|
| 4,51 - 5,00 | 100 бодови |
| 4,01 - 4,50 | 80 бодови |
| 3,51 - 4,00 | 70 бодови |
| 3,00 - 3,50 | 60 бодови |

Во изборот ќе влезат апликанти кои врз основа на критериумите ќе бидат оценети со најмалку 60 бодови, од вкупно 100 бодови.

**3.** Со пријавата за стипендирање, апликантите се должни да ги приложат следните документи:

- Пријава за стипендирање на средношколци со попречености, ученици во средните училишта на Град Скопје;
- Копија од лична карта на родител/старател/друго овластено лице;
- Копија од државјанство на апликантот;
- Потврда за редовен ученик во учебната 2020/2021 година издадена од средното училиште;
- Копија од свидетелствата за завршени претходни учебни години, при што учениците од прва година средно образование потребно е да ги приложат свидетелствата од основно образование (од 6-то до 9-то одделение);
- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во психичкиот или физичкиот развој и специфичните потреби, издаден од надлежна установа, согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој;
- Потврда од средното училиште дека апликантот нема повторувано учебна година во текот на своето образование, освен

поради здравствени причини (што се докажува со соодветна медицинска документација);

- Изјава потпишана од родител/старател/друго овластено лице со која се потврдува дека апликантот не е корисник на стипендија од друга институција, претпријатие или друга организација во учебната 2020/2021 година;

- Изјава за согласност за обработка на лични податоци.

3. Доколку има повеќе кандидати со ист број бодови, Комисијата го задржува правото да побара и дополнителна документација.
Во овој случај, предност ќе има апликантот со постигнати и признати вонnаставни резултати во областа на науката, уметноста и спортот.

4. Кандидатите нема да бидат рангирани ако доставената документација е:

- Некомплетна
- Ненавремено доставена

5. По изборот на највисоко рангираните апликанти се склучува договор за стипендирање, со што се утрдуваат правата и обврските на корисникот и давателот на стипендијата.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**
**Петре Шилегов**

Бр. 08-6785/1
09.09.2020
Скопје